Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (3) и (9) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 мај 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за делумно уважување на приговор

1. Приговорот на Бранка Атанасовска со бр. УП2 09-197/24 од 19 март 2024 година против Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

2. Делот од член 2 од Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, со кој се задолжува потрошувачот да плаќа 51% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија СЕ ПОТВРДУВА

3. Делот од член 2 од Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, со кој се утврдува периодот за кој важи процентуалното ослободување СЕ ПОНИШТУВА И ВРАЌА НА ПОВТОРНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ

4. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, да изготви ново Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија, со период на важност на утврденото процентуално ослободување за грејната сезона 2023/2024.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Бранка Атанасовска до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-197/24 од 19 март 2024 година против Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје

Именуваната до ЕСМ Снабдување со топлина поднела рекламација за квалитетот на испорака на топлинска енергија за стан на бул. Асном, бр.132-3/8.

Постапувајќи по барањето, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје на 16 јануари 2024 година спровело мерења и изготвило Записник за измерени температури на воздухот при што е утврдено дека не е обезбедена минималната температура согласно член 43 од Правилата за снабдување со

топлинска енергија, односно измерените температури во просториите при надворешна температура во од 2ºC изнесувале 17ºC и 16,6ºC соодветно.

Согласно член 8 став (1) од Правилникот за утврдување на квалитет на испорачана топлинска енергија, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје донело Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година, согласно кое потрошувачот е задолжен да плаќа 51% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија и кое важи за грејната сезона 2022/2023 година.

Незадоволна од Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, именуваната поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика, во кој приговара против:

- Утврденото задолжување на потрошувачот во износ од 51% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија и
- Утврдениот период за кој важи процентуалното ослободување.

На 30 април 2024 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која се поведува спорот и тоа:

- Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-552/14 од 22.02.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје
- Записник за констатирана состојба на бул. Асном, бр.132-3/8 и ,
- Фактура за топлинска енергија бр.520908 02 24 5.

Согласно член 42 од Правилата за Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22), потрошувачите кои се незадоволни од квалитетот на испораката на топлинска енергија, можат да поднесат писмено барање до снабдувачот, за проверка на квалитетот. Снабдувачот е должен по стекнување на условите за контрола да ги провери наводите од рекламацијата, и писмено да го извести потрошувачот. По рекламација на поединечни потрошувачи, во објекти каде што распределбата на енергијата се врши според грејна површина, квалитетот на испорачаната топлинска енергија се утврдува според Правилник за квалитет на испорачаната топлинска енергија, кој го донесува снабдувачот по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 8 од Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија врз основа на утврдената состојба и записникот се врши корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија соодветно на пропишаниот табеларен норматив. Табеларниот норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија кога измерените внатрешни температури се помали од 20ºC е составен дел на Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија. Корекцијата на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија се врши за периодот за кој ќе се утврди дека има неквалитетна испорака на топлинска енергија, а најмногу за една грејна сезона. Доколку потрошувачот не е задоволен од писменото известување од снабдувачот во однос на квалитетот на испорачаната топлинска енергија, може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно табеларниот норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија во колективен станбен објект од Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија, за измерена внатрешна температура ≥16.5<17 е утврдено намалување од 49% и потрошувачот е задолжен да плаќа 51% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија.

Од приложените докази се констатира дека ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје правилно го има утврдено задолжувањето на потрошувачот во износ од 51% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија и неправилно го има утврдено периодот за кој важи процентуалното ослободување.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–197/24**
**9 мај 2024 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**